РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1265/5
26.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 20.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:35 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.03.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.03.2024 година.
3. Нацрт-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.
4. Нацрт-упатство за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.
5. Прв извештај од мониторингот на предизборниот период – од 15 февруари до 7 март 2024 година.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Објасни дека изготвувањето на овој Извештај претставува законска обврска на Агенцијата и до 31 март во тековната година треба да се достави до Собранието на РСМ. Во него се содржани сите спроведени активности на Агенцијата од изминатата година односно содржи Извештај за реализација на надзорите како и Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2023 година. Една од значајните активности минатата година беше реформата на медиумското законодавство, измената на ЗААВМУ, каде што Агенцијата учествуваше во соработка со претставници експерти од ЕУ. Измени се направени на Законот во јули 2023 година. Требаше да продолжи и втората фаза во насока на препораките што ги даваа експертите од ЕУ, но за жал тоа не се случи и тој процес најверојатно ќе продолжи после изборите. Исто така Агенцијата беше вклучена и во работната група за измени на Изборниот законик и раководеше со подгрупата за медиуми. Усогласен текст на измени на Изборен законик беше испратен до Собранието но за жал тој до сега не се разгледа. Бидејќи за кратко време Парламентот ќе се распушти, се очекува измените на Изборен законик да се разгледуваат во нареден состав на парламентот. Агенцијата учествуваше и во повеќе билатерални скрининзи со Европската комисија за различни поглавја. Минатата година иако нема законска обврска се изработи Стратешки план на Агенцијата 2024-2028, за период од пет години, во кои се утврдени целите во кои ќе се стреми Агенцијата во своето работење. Има два вида на организациски цели, кои се очекува да доведат до зголемување на ефикасноста и ефективноста на неговото работење, и регулаторни, со кои се очекува да се подобрат одредени аспекти на медиумската индустрија. Составен дел на Стратешкиот план е и Акциски план, во кој за секоја стратешка цел, покрај активностите што ќе се преземат, утврдени се и индикатори, како и период кога е планирано активностите да се реализираат. Минатата година Агенцијата иницираше изработка на Кодекс за однесување во онлајн процесот за време на изборни процеси и референдуми, кој го опфаќа однесувањето на политичките партии, нивните кандидати и независните кандидати во онлајн просторот, за време на избори и референдуми и го координираше потпишувањето на Меморандумот за соработка со кој се формираше координативното тело за следење на исполнување на начелата и стандардите посочени во Кодексот. Минатата година спроведени се над 470 надзори над радиодифузери, оператори, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и над издавачите на печатените медиуми. За констатираните прекршувања Агенцијата

изрече вкупно 82 мерки. Минатата година Агенцијата беше особено активна на полето на медиумската писменост. Во октомври 2023 година под мотото „Брз прст лажни вести носи“ се организираа „Деновите на медиумската писменост 2023“, во рамки на кој се одржаа голем број настани, конференции, работилници, дебати. Согласно измените на ЗААВМУ минатата година Агенцијата им ги продолжи дозволите за уште три години на вкупно 90 телевизии и радија чија важност истекуваше заклучно со 31 декември 2024 година. Исто така додели три нови дозволи, една за радио емитување и две за телевизиско емитување. Изработени се повеќе анализи и студии, Анализа на пазарот за 2022 година, Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година, Сопственоста на медиумите во 2023 година, три студии за утврдување на оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола. Објасни дека станува збор за нацрт верзија, а на следната седница Советот ќе треба да го усвои конечниот извештај и доколку има забелешки и работи кои не се наведени во Извештајот а членовите на Советот сметаат дека се значајни и треба да се најадат во извештајот, предложи да се достават во писмена форма и доколку има оправданост да бидат вметнати во финалната верзија.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе посочи две работи за нацрт документот. Првата забелешка беше во врска со предлогот доставен од директорот за одобрување на Нацрт-извештајот. Имено во материјалите, во предлогот пишува „Советот да го одобри Нацрт-извештајот..“, но со последните измени на ЗААВМУ, претседателот на Советот го потпишува Извештајот, што значи дека Советот треба да го донесе а не да го одобри. Предложи тоа да се коригира затоа што така и Советот ќе гласа. Вториот предлог е во врска со Извештајот за материјално финансиско работење на Агенцијата каде што прецизно е напишана информацијата за помалите уплати од средствата од буџетот предвидени за АВМУ. Смета дека е добро тоа да го има и во воведот. Пратениците и воопшто сите оние што се заинтересирани најчесто го читаат само воведот. Од таа причина предложи како сугестија до директорот и службата во воведот да се додаде една кратка реченица, сублимат на тоа што е напишано за малите уплати. Пред сѐ затоа што пред пратениците се чита само воведот кога директорот или тој како претседател на Советот ќе бидат во Собрание да го образложат Извештајот. Дополнително овој извештај претпостави дека ќе се разгледува од страна на новиот состав на парламентот и веројатно некоја идна Влада, и убаво е да им се укаже како не треба да се работи, треба да ги уплаќаат парите од буџетот како што пишува во Законот. Во врска со останатата содржина рече дека за сега нема други забелешки но сепак ќе го прочита уште еднаш.

Г-дин Ајдини рече дека го разгледал Нацрт- годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Во него се вклопени сите активности на Агенцијата која ги имала реализирано изминатата година. Објасни дека членовите на Советот исто така имаа активно учество во голем дел од активностите, а во меѓувреме редовно биле информирани преку Кварталните извештаи. Се изјасни дека Нацрт извештајот вака како што е предложен и по форма и по содржина, започнувајќи од воведот, содржината и прилозите кон извештајот нема забелешки и дека ќе го поддржи. На крајот испрати пофалби до Стручната служба на чело со Директорот за професионално изработениот извештај.

Г-дин Фидановски се изјасни дека ќе даде поддршка за Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023

година. Според него е комплетен, професионално изработен и во детали прикажува што конкретно работела Агенцијата минатата година. Директорот Трајчевски генерално ги навел сите работи каде учествувала или ги завршила Агенцијата активностите покрај редовните законски обврски кои ги има. Извештајот покажува дека обемната работа е завршена успешно, професионално и одговорно. Во врска со предлогот на г-дин Петрушевски околу финансирањето, се согласува дека можеби како сублимат, може да се додаде една реченица во воведот околу начинот на финансирањето, односно оној проблематичен дел на Финансирање што го има Агенцијата.

Г-дин Трајчев рече дека ќе го поддржи Извештајот, кој е обемен и детален за тоа што Агенцијата има сработено а дел од таа активна улога во целокупното работење ја има и Советот. Рече дека посебно ќе ја поздрави меѓународната соработка која ја имала Агенцијата, бидејќи навистина ретко која институција во државата има таков отворен пристап каде што има проактивна улога во многу меѓународни случувања и соработка со други институции посебно во делот на ЕУ каде што нашата држава се стреми да стане членка. Извештајот е детално сработен, ги опишува сите случувања кои биле, и е преточен од Кварталните извештаи во еден конечен која ја отсликува целокупната работа на Агенцијата. Се изјасни дека ќе го поддржи во целост.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Нацрт-упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024. Објасни дека текстот на нацрт-упатството е усогласен со уште неколку институции кои што се активно вклучени во изборниот процес како што се Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција. Информира дека Агенцијата одржа два состанока со претставниците на наведените институции, кои што партиципираа со забелешки и предлози кои што се инкорпорирани во ова нацрт-упатство. Рече пред да премине на главните елементи на упатството, бидејќи сега ќе се одржат два изборни циклуси, парламентари и претседателски, а кандидатите односно листите за парламентарните избори сѐ уште не се потврдени од ДИК, по утврдување на листите од страна на ДИК треба да има седница и ова Упатство да биде надополнето во кое ќе бидат дефинирани правилата за платено политичко рекламирање на политичките партии во изборниот процес за парламентарните избори. По завршување на првиот круг на претседателските избори и кога ќе се знае кои двајца кандидати одат во вториот круг, повторно ќе треба да се направат измени на ова упатство за да се дефинира времето на учесниците во вториот круг на претседателски избори. Во Точка 3 наведено е како се распределени 9 и пол минути ППР за парламентарните избори односно кој од учесниците кое време од групата може да го користи. Во Точка 8 е дефинирано за време на целата изборна кампања колку минути ќе можат да користат учесниците во двата изборни процеси за ППР. Кај нас е прв пат да се одржуваат претседателски и парламентарни избори во овој формат, односно во вториот круг на претседателски избори да се одржуваат парламентарни избори. Имаше 2014 година во исто време парламентарни и претседателски избори но тогаш во првиот круг на претседателски избори се одржуваа парламентарни избори, немаше ваков тип на

преклопувања на кампањите за двата типа на избори. Најзначајно и за што најмногу се изгуби време на состаноците беше да се утврдат ставови за изборниот молк. Со оглед на тоа дека изборите, првиот изборен круг на претседателски избори ќе се одржи во среда, 24 април, и ќе има молк за претседателските избори, во Упатството е предложено за време на молкот за претседателските избори да продолжи кампањата за парламентарните избори, да можат учесниците во потврдените листи за парламентарни избори да користат ППР согласно изборниот законик од 9 и пол минути а медиумите на 23 април и на 24 април до 19 часот да не известуваат за активностите од кампањата за парламентарните избори во дневните информативни емисии, а за сите тие активности на 23 и 24 април да можат да известуваат после 19 часот на 24 април. Информира дека нацрт-упатството ќе биде испратено уште денес до политичките партии, државните институции кои веќе ги спомнал, и до медиумите за да дадат евентуални забелешки и следната недела на 26 март, по истекот на 5 дена јавна расправа, Советот ќе треба да донесе финална верзија на ова Упатство со цел да имаат една недела кандидатите да склучат договори помеѓу себе со политичките партии и со медиумите за да можат да го започнат на 4 април предвиденото време за ППР.

Г-дин Петрушевски рече дека мора да бидат флексибилни. Разговарале со директорот околу тајмингот, зошто 5 дена јавна расправа, дали може повеќе од тоа, но му објаснил дека е во интерес на радиодифузерите и на кандидатите и се согласува со тоа да што побрзо се донесе Упатството, за да може после тоа да склучат договори за нивните плановите како ќе работат. Нормално дека кандидатите за парламентарните избори спрема роковникот може најдоцна да се дознаат на 3 или 4 април, така што ќе мора да бидат флексибилни и во чекор да се решаваат работите односно два пати ќе се менува упатството што ќе се донесе идната недела. За нацртот треба да се види што забелешки ќе произлезат од заинтересираните субјекти. Рече дека детално го разгледал и само на едно место се збунил. Многу е битно да биде наведено на кој член од Изборниот законик се повикува упатството. Во најголем дел, 90%, Упатството е рефлексија на Изборниот законик, како што пишува тамо така е и во него и тоа го пишува секаде освен во Точка 13 каде што не е наведено на кој член се повикува. Предложи за финалната верзија, во Точка 13 пред зборот „за“ да се додаде исто како и кај другите „во согласност со 76-а став 2 од Изборниот законик..“ и потоа да продолжи реченицата како што е. Се изјасни дека сега ќе го поддржи во оваа верзија, но за конечната верзија предложи до директорот и службата тоа да го вградат бидејќи ова е јасно за некој што го знае Изборниот законик, но некој што не е запознаен може да се збуни. По јавната расправа очекува политичките партии да го прифатат, ако има забелешки ќе се разгледаат, ако се оправдани ќе се коригираат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Нацрт-упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, да го објави на веб-страницата на Агенцијата во траење од 5 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Точка 5

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Првиот извештај од мониторингот на предизборниот период – од 15 февруари до 7 март 2024 година. Согласно обврската од Изборниот законик, Агенцијата започна со мониторинг на изборното медиумско претставување од 15 февруари, еден ден по распишување на двата изборни процеси и ова е прв извештај за првото предизборие од 15 февруари до 7 март 2024 година. Објасни дека во примерокот за мониторинг влезени се двата телевизиски програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис МРТ1 и МРТ2 - програма на албански јазик, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М и ТВ 24 Вести. Критериумот за избор за овие медиуми во примерокот беше да имаат повисок дневен досег од 2,5 отсто - потврден според истражувањето направено од Market Vision, за периодот април-јуни 2023 година, а за другите радиодифузери ќе се постапува по претставки. Според „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси“, во овој период пред започнувањето на изборните кампањи, Агенцијата е фокусирана на вкупната програма на овие радиодифузери, но пред сè на централните изданија на Вестите/ТВ Дневникот и на посебните информативни емисии кои што се поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено-политички случувања. Од прилозите на централните изданија на вестите се анализираат сите домашни настани, а не се анализирани прилозите од спортот и од светот. Според законските одредби, фокус во овој период на предизборие е пред сè почитувањето на новинарските начела и посебните забрани од ЗААВМУ и неколку законски одредби од Изборниот законик кои што се однесуваат на овој период, не се многу, наведени се во методолошките напомени на почетокот од извештајот. Во врска со клучните наоди за овој период, објасни дека може да се констатира дека беа ретки новинарските информативни прилози, контекстуализирани или пренесени како партиски предизборни ветувања, а мошне често беа нагласени критичките прилози (извештаи со коментар/осврт), потоа разработени и низ интервјуа и низ дебати, за постојните, тековни општествено-политички последици од недоволно обмислени, лошо менаџирани политики на претходната и на одредени структурни делови од составот на преодната Влада. Во овој дел од предизборието се појавија три доминантни теми како што се индивидуалната и општествената фрустрација од административните лавиринти за замената на документите за лична идентификација, потоа одговорност за системска негрижа околу пациенти со ретки и/или со тешки заболувања, како и загрижувачката статистика за граѓани невакцинирани од т.н. „голема кашлица“ и третата тема беше навредливата реторика и политичката некултура во комуникацијата меѓу (некогашни) носители на јавни функции и медиумските работници, проследена со консеквентни реакции, и од поединечни редакции и од асоцијациите на новинарите. Без исклучок сите информативни редакции, секоја со одлики на свој новинарски/уредувачки приод, доминантно покажуваа интерес околу тие три главни тематски јадра. За забележување беше што овој период беа регистрирани прилози за повеќе т.н. „псевдонастани“, настани што во предизборието ги организираат носители на функции на власт во соработка со политичките партии или одвоено, а целта на прилозите е самопромоција, меѓутоа може да се констатира дека иако сè уште има различни степени на новинарска критичка зрелост во пристапот кон овие настани, сепак ситуацијата е многу поинаква од претходни изборни процеси, медиумите навистина покажуваат поголема свесност за ваквите настани. Прилозите кои што беа директно

поврзани со изборните процеси, беа фокусирани на неколку теми како собирањето потписи за претседателските кандидати, експертски и партиски прогнози за исходот од изборниот процес, многу време беше одвоено за поделбата во партијата - Алијанса за Албанците, прилози за непринципиелноста на партиските/владините активности за континуирана кампања, со што се дерогираат забраните од Изборен законик по ова прашање (забелешки за партиски билборди за промоција на партиски успеси од претходен мандат; користење државни средства за приватни/партиски цели), и информации околу организациските активности околу изборниот процес, преземени од МВР, ДИК, ДКСК и од АВМУ. Во Извештајот даден е преглед на застапеноста на субјектите во вестите кај сите овие анализирани медиуми за домашните настани и исто така даден е преглед на сите емитувани интервјуа и дебати кој што или целосно или делумно биле посветени на прашања поврзани со изборите. Битно е да се одбележи дека освен јавниот радиодифузен сервис на првиот телевизиски програмски сервис и ТВ 24, ниту еден од овие медиуми не обезбеди пристапност на информациите за изборите а тоа е законска обврска од Изборниот законик и таа законска обврска со последните измени на изборниот законик беше дополнета и прецизирана и сега ќе се однесува на јавниот сервис и на националните телевизии кои што ќе емитуваат ППР за време на изборите. Во овој извештаен период на предизборие не се оценува избалансираноста во начинот на известување на медиумите, меѓутоа од податоците може веќе да се види како ќе бидат ориентирани медиумите за време на изборната кампања. Како што имало искуства од претходни изборни процеси така и сега, некои од медиумите се фокусирани на двете поголеми политички партии, а има медиуми кои што пак отстапуваат многу време за еден од учесниците во изборите. Се надева дека Извештајот ќе биде корисен за радиодифузерите за да низ бројки видат секој од нив како се позиционирани во моментов и ќе им помогне во исполнување на обврската за балансирано известување за време на кампањата.

Г-дин Петрушевски во врска со новите измени во Изборен законик да медиумите обезбедат пристапност на информациите за лица со попреченост во врска со изборите, праша дали има казнени одредби доколку не емитуваат на тој начин или само е наведено дека тоа треба да го прават?

Раководителката Јаневска објасни дека тоа ќе треба дополнително да го поразговараат со колегите од Секторот за правни работи, затоа што измената е направена во член 75 во кој што се утврдени генералните принципи дека треба да известуваат правично, избалансирано и непристрасно за време на изборниот процес и прашањето ќе биде дали ќе можеме да се повикаме на казнената одредба за овој член затоа што внатре казнените одредби се специфицирани по ставови. Конкретно за новите додадени ставови нема посебна казнена одредба, меѓутоа во првиот став за член 75 каде што е наведено барањето за тоа како треба да се известува, во првиот став е содржано дека тие и тие медиуми треба да известуваат и во пристапен и достапен формат за лицата со попреченост.

Точка 6

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

____________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**